# ЗАКОН ЗА ДРЖАВНАТА РЕВИЗИЈА

**Пречистен текст**
**("Службен весник на РМ", бр. 65/97, 70/01, 31/03, 19/04,73/04, 70/06 и 133/07 )**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредуваат условите и начинот на вршење на државната ревизија на Буџетот на Република Македонија, на буџетите на единиците на локалната самоуправа, на буџетите на фондовите (во натамошниот текст: буџетите), корисниците и единките корисници на средства од буџетите, јавните претпријатија, Народната банка, правните лица во кои државата е доминантен акционер, политичките партии финансирани со средства од буџетот, агенциите и други институции основани со закон, другите институции финансирани од јавни средства, и корисниците на средства од Европската унија и други меѓународни институции.

### Член 2

Под државна ревизија, во смисла на овој закон, се подразбира испитување на документите, исправите и извештаите на извршената интерна контрола и интерна ревизија, сметководствените и финансиските постапки, електронски податоци и информациони системи и други евиденции од аспект на тоа дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со прифатените сметководствени начела и сметководствени стандарди.

Државна ревизија претставува и постапката на испитување на финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи во смисла на законското и наменското користење на средства.

### Член 3

Државната ревизија опфаќа и давање на оцена за користењето на средствата од аспект на постигнатата економичност, ефикасност и ефективност.

Под економичност се подразбира минимализација на трошоците за остварување на некоја функција или дејност.

Под ефикасност се подразбира најниско можно ниво на трошоци во однос на остварените ефекти.

Под ефективност се подразбира највисоко можно ниво на остварување на програмските задачи.

**Член 4**

Под државни расходи, во смисла на овој закон, се подразбираат сите тековни и капитални расходи кои се финансираат од буџетите.

**Член 5 ( се брише)**

**Член 6**

Државната ревизија се врши согласно со динамиката утврдена со годишната програма на Државниот завод за ревизија, а задолжително најмалку еднаш годишно на: буџетите, корисниците на средства од Буџетот на Република Македонија и буџетите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија основани од Република Македонија и политичките партии финансирани од средства на буџетот.

На другите субјекти од член 1 на овој закон, ревизија се врши согласно годишната програма на Државниот завод за ревизија.

**Член 7 ( се брише)**

**Член 7-а**

Годишните финансиски извештаи и извештаите за работењето на субјектите од член 6 став 1 на овој закон, се разгледуваат и усвојуваат од надлежните органи заедно со ревизорскиот извештај на Државниот завод за ревизија.

**Член 8 ( се брише)**

**Член 9**

Државниот завод за ревизија, со годишната програма, го утврдува обемот за вршење на работите на државната ревизија.

При планирање на ревизиите опфатени со годишната програма Државниот завод за ревизија води сметка за потенцијалниот ризик на субјектите од член 6 на овој закон.

## II. ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

**Член 10**

Работите на државната ревизија ги врши Државниот завод за ревизија.

Државниот завод за ревизија е орган на Републиката со својство на правно лице.

Седиштето на Државниот завод за ревизија е во Скопје.

**Член 11**

Државниот завод за ревизија ги врши следниве работи:

1) планира и врши ревизија во согласност со член 2 став 1 од овој закон;

2) врши ревизија во согласност со член 2 став 2 и член 3 од овој закон според годишната програма;

3) поднесува годишен извештај за извршените ревизии и за својата работа;

4) поднесува тековни ревизорски извештаи со наоди за значајни незаконитости и

5) поднесува квартален извештај за остварувањето на индикаторите за следење и оцена на успешноста во остварувањето на програмата за работа, кој е составен дел на годишниот извештај.

**Член 11-а**

Годишниот извештај за извршените ревизии содржи:

- информации за имплементација на сите материјални препораки кои произлегуваат од тековните и претходните ревизорски извештаи доставени до субјектот на ревизија, со оценка за напредокот во нивното спроведување, до моментот кога тие се исполнети до задоволителен степен;

- извештај за утврдените системски слабости во исправите и извештаите на извршената интерна контрола и интерна ревизија, од извршените ревизии од членовите 2 и 3 од овој закон, вклучително и препораките на Државниот завод за ревизија за нивно надминување; и

– извештај за сите материјални случаи на корупција за кои е известена Државната комисија за спречување на корупцијата или друг надлежен орган.

**Член 11-б**

"Државниот завод за ревизија може по потреба да врши и продолжена ревизија кај субјекти кои не се опфатени со член 1 од овој закон а кои имаат деловни односи со субјектите од член 1 од овој закон и кои користат средства кои претставуваат државни расходи.

**Член 12**

Извештајот од членот 11 точка 3 од овој закон се поднесува до Собранието на Република Македонија најдоцна седум месеци по истекот на рокот за доставување на годишните финансиски извештаи.

Извештаите од членот 11 точка 4 на овој закон можат да се поднесат до Собранието на Република Македонија и пред поднесување на годишниот извештај за извршените ревизии.

**Член 12-а**

Главниот државен ревизор на WEB (веб) страницата на Државниот завод за ревизија ги објавува сите извештаи од членот 11, точка 3, од овој закон, во рок од 14 дена од денот на нивното доставување во Собранието на Република Македонија.

Главниот државен ревизор ја организира комуникацијата со медиумите со цел да ја информира јавноста за работата на Државниот завод за ревизија и за резултатите од извршените ревизии наведени во член 11 од овој закон, и во Билтен на Државниот завод за ревизија ги објавува резултатите од извршените ревизии.

Главниот државен ревизор на WEB (веб) страницата на Државниот завод за ревизија ги објавува конечните ревизорски извештаи во рок од 14 дена од денот на нивното доставување до субјектот предмет на ревизијата.

**Член 13**

Со Државниот завод за ревизија раководи главен државен ревизор.

Главниот државен ревизор има заменик.

Мандатот на главниот државен ревизор и на неговиот заменик е десет години.

Главниот државен ревизор и заменикот ги избира и разрешува Собранието на Република Македонија.

Главниот државен ревизор и заменикот се разрешуваат:

- ако тоа сами го побараат;
- ако ги исполнат условите за старосна пензија;
- ако трајно ја изгубат способноста за извршување на својата должност ;
- ако бидат осудени за кривични дела кои ги прават неподобни за извршување на нивните должности.

**Член 14**

Главниот државен ревизор и неговиот заменик, не смеат да вршат друга јавна функција, професија, ниту да бидат членови на политичка партија, членови на управен одбор, надзорен одбор или било кој друг орган кај друг субјект.

**Член 14-а (се брише)**

**Член 15**

Ревизија на Државниот завод за ревизија врши друштво за ревизија согласно со членовите 2 и 3 од овој закон. Изборот на друштво за ревизија го врши Државниот завод за ревизија, под услови и начин утврдени со Законот за јавни набавки.

Извештајот од извршената ревизија се доставува до Државниот завод за ревизија и до Собранието на Република Македонија.

Извештајот од ставот 2 на овој член, Собранието на Република Македонија го разгледува во исто време со разгледувањето на годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија.

**Член 15-а**

На овластените државни ревизори и на државните ревизори им се издава службена легитимација. При вршењето на државната ревизија,овластениот државен ревизор и државниот ревизор мора да ја имаат легитимацијата со која се докажува нивното службено својство и при вршење на ревизијата се должни да ја покажат.

Формата, содржината и начинот на издавање и одземање на службената легитимација ги пропишува главниот државен ревизор.

**Член 15-б**

Критериумите и методологијата за оцена на наодите при ревизијата ги пропишува главниот државен ревизор.

**Член 16**

За финансирање на работите на ревизија на: Буџетот на Република Македонија, корисници на средства од Буџетот на Република Македонија и нивните единки корисници, буџетите на единиците на локална самоуправа и нивните корисници, политичките партии финансирани со средства на буџетот и корисниците на средства од Европската Унија и други меѓународни институции, средствата се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

Трошоците за вршење на работите на ревизијата на другите субјекти од членот 1 на овој закон кои не се наведени во ставот 1 од овој член ги надоместува субјектот кај кој се врши ревизијата, согласно Тарифата на Државниот завод за ревизија.

На Тарифата од ставот 2 на овој член согласност дава Собранието на Република Македонија.

## III. ВРШЕЊЕ НА ДРЖАВНАТА РЕВИЗИЈА

**Член 17**

Државната ревизија се врши на начин и постапки утврдени со ревизорските стандарди на Меѓународната организација на врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ ) и правилата утврдени со Кодексот на етика на ИНТОСАИ, кои ги објавува министерот за финансии во "Службен весник на Република Македонија".

**Член 18**

Државната ревизија ја врши овластен државен ревизор кој е вработен во Државниот завод за ревизија.

Овластениот државен ревизор е независно стручно лице кое поседува уверение на овластен државен ревизор и ги исполнува другите услови пропишани со овој закон.

Овластениот државен ревизор ја врши ревизијата тимски, во екипи составени од државни ревизори.

Државниот ревизор е стручно лице вработено во Државниот завод за ревизија кое ги исполнува условите од член 25 став 1 точки 1, 2 и 4, од овој закон, и извршува работи на ревизија под надзор на овластен државен ревизор.

Овластениот државен ревизор, односно државниот ревизор не смее да биде член на управен одбор, надзорен одбор или кој било друг орган кај друг субјект.

**Член 18-а**

Внатрешната организација на Државниот завод за ревизија и бројот на извршителите се уредува со актите за организација и систематизација на работите и задачите на Државниот завод за ревизија, кој ги донесува главниот државен ревизор.

**Член 19**

Ако во постапката на државната ревизија се појави сложено прашање, а за кое ќе се оцени дека за решавање е неопходно да се ангажираат стручни лица надвор од Државниот завод за ревизија и надвор од правното лице, односно корисникот кај кој се врши ревизијата, Заводот може да ангажира такви лица од соодветни институции и експерти надвор од Заводот.

Повикувањето на мислењето дадено од независното стручно лице, кое го дава во врска со задачите на ревизијата, не го ослободува овластениот државен ревизор од одговорноста за формираното мислење или наодите во извештајот.

**Член 20**

Во постапката на државната ревизија овластениот државен ревизор, односно државниот ревизор има слободен пристап во службените простории и имотот, право на увид во книгите, обрасците и другата документација, електронските податоци и информациони системи како и право да бара објаснувања од претставниците на субјектот кај кој се врши државната ревизија за сите прашања кои се од значење за вршење на ревизијата.

Законскиот застапник на субјектот кај кој се врши државната ревизија е должен на овластениот државен ревизор, односно државниот ревизор да му ја стави на располагање и да му обезбеди копии за ревизорското досие на

целокупната потребна документација, исправите, извештаите и други евиденции и да му даде други информации неопходни за спроведување на државната ревизија.

Документите кои имаат ознака на државна тајна согласно со пропис, законскиот застапник на субјектот кај кој се врши државната ревизија е должен на овластениот државен ревизор, односно државниот ревизор да му ги стави на располагање.

Овластениот државен ревизор, односно државниот ревизор е должен документацијата која претставува државна тајна да ја чува согласно со прописите.

Ако субјектот на ревизијата го ограничи обемот на испитувањата или оневозможи примена на одредени ревизорски постапки, Државниот завод за ревизија е должен на соодветен начин тоа да го истакне во извештајот, во согласност со стандардите на ревизијата и веднаш да го извести надлежниот орган кој врши надзор над субјектот.

**Член 21**

Податоците и сознанијата до кои доаѓа овластениот државен ревизор, односно државниот ревизор во вршењето на државната ревизија претставуваат деловна тајна и не смеат неовластено да се соопштуваат на други лица.

Овластениот државен ревизор, односно државниот ревизор не смее да ги користи сознанијата до кои дошол во вршењето на државната ревизија за стекнување на имотна или друга корист за себе или друг субјект.

Одредбите од ставовите 1 и 2 на овој член се однесуваат и за стручните лица кои се ангажирани надвор од Државниот завод за ревизија, во смисла на член 19 став 1 од овој закон.

**Член 22**

Овластениот државен ревизор, односно државниот ревизор не смее да врши ревизија ако:

1) е акционер или вложувач на капитал во субјектот кај кој се врши ревизијата;

2) претходно бил во работен однос или бил законски застапник на субјектот на ревизијата најмалку пет години пред тоа;

3) учествувал во водењето на деловните книги или ја изработил годишната пресметка и финансиските извештаи на субјектот кај кој се врши ревизијата и

4) е брачен другар или е во вонбрачна заедница, крвен сродник во права линија до трет степен на сродство (баба, дедо, мајка, татко, деца), брачните другари на децата, брат сестра и нивните брачни другари и деца, старател, штитеник, усвоител, усвоеник, хранител или храненик, сосопственик или законски застапник на субјектот на ревизијата.

**Член 23**

По извршената ревизија овластениот државен ревизор составува претходен извештај кој се изготвува во согласност со членот 17 на овој закон.

Извештајот од ставот 1 на овој член се доставува до законскиот застапник на субјектот кај кој е извршена ревизијата и на одговорното лице на субјектот, за период за кој е вршена ревизијата, и на надлежните органи на субјектот кои, во рок од 15 дена од денот на приемот, можат по него да поднесат забелешки.

Врз основа на забелешките на субјектот кај кој е извршена ревизијата, овластениот државен ревизор го составува и потпишува конечниот извештај.

Конечниот извештај мора да се достави до законскиот застапник на субјектот кај кој е извршена ревизијата и на одговорното лице на субјектот, за период за кој е вршена ревизијата, министерствата или фондовите надлежни за работите од областите во кои субјектот кај кој е извршена ревизијата вршат дејности односно надлежности.

Против конечниот извештај на овластениот државен ревизор, законскиот застапник на субјектот кај кој е извршена ревизијата може да поднесе приговор во рок од 30 дена од денот на приемот на извештајот.

По приговорот одлучува главниот државен ревизор во рок од 30 дена од денот на приемот на приговорот.

Решението со кое се прифаќа, односно одбива приговорот од ставот 5 на овој член е прилог на конечниот извештај.

Решението од ставот 7 на овој член интегрално се интерпретира во годишниот извештај.

Органот надлежен за надзор врз работата на субјектот кај кој е извршена ревизија е должен да го извести Државниот завод за ревизија за преземените мерки во врска со наодите во ревизорските извештаи најдоцна во рок од 90 дена од приемот на конечниот извештај.

Државниот завод за ревизија е должен до Министерството за финансии да го достави секој ревизорски извештај во кој се констатирани наоди од областа на финансиите.

**Член 24**

Доколку овластениот државен ревизор со вршењето на ревизијата утврди дека постои основано сомнение дека е сторен прекршок или кривично дело, за тоа, веднаш, штом е тоа можно, ќе ги извести надлежните органи заради поведување на соодветна постапка.

Надлежните органи од став 1 на овој член се должни за преземените мерки да го известат Државниот завод за ревизија во рок од 90 дена.

**Член 24-а**

Главниот државен ревизор до Собранието на Република Македонија ги доставува ревизорските извештаи за Буџетот на Република Македонија, за

министерствата, за буџетите на фондовите и за јавните претпријатија основани со закон.

Освен извештаите од ставот 1 на овој член, главниот државен ревизор ги доставува до Собранието на Република Македонија и ревизорските извештаи во кои е изразена оценка за воздржување од давање на мислење за финансиските извештаи и ревизорските извештаи со кои е оценето дека во финансиските извештаи нереално и необјективно е искажана состојбата и резултатот од работењето.

**Член 24-б**

Субјектите кои водат административни евиденции, регистри и бази на податоци и носителите на платниот промет се должни индивидуалните податоци за правните субјекти кои се во постапка на државна ревизија на овластениот државен ревизор да му ги доставуваат без надоместок.

**Член 25**

Овластениот државен ревизор мора да ги исполнува следниве услови:

1) да е државјанин на Република Македонија;

2) да има високо образование - дипломиран економист или дипломиран правник;

3) да има уверение за овластен државен ревизор

4) да даде изјава дека во работењето ќе ги применува правилата утврдени со Кодексот на етика на INTOSAI

**Член 25-а**

Кандидатот за полагање на испит за звањето овластен државен ревизор мора да има најмалку пет години работно искуство на сметководствени или финансиски работи, односно три години работно искуство на работи на ревизија или контрола.

**Член 26**

Испитот за стекнување на звање овластен државен ревизор се полага пред комисија формирана од страна на главниот државен ревизор според програма донесена од главниот државен ревизор.

Членови на Комисијата можат да бидат само лица со уверение за овластен државен ревизор и уверение за овластен ревизор.

Програмата од ставот 1 на овој член ја одобрува министерот за финансии.

На лицето кое ќе го положи испитот од ставот 1 на овој член, главниот државен ревизор му издава уверение на овластен државен ревизор.

Трошоците за полагање на испитот за овластен државен ревизор се на товар на лицето кое го полага испитот.

Формата и содржината на уверението, како и начинот на полагање на испитот за овластен државен ревизор и висината на трошоците ги пропишува главниот државен ревизор.

**Член 27 ( избришан)**

**III-а СРЕДСТВА ЗА РАБОТА**

**Член 27-а**

Државниот завод за ревизија заради извршување на неговата функција располага со соодветни ресурси, средства и персонал.

Средствата за работа на Државниот завод за ревизија се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и приходи од надоместоци согласно Тарифата на Државниот завод за ревизија.

Собранието на Република Македонија посебно го гласа разделот наменет за Државниот завод за ревизија во Буџетот на Република Македонија.

**Член 27-б**

Овластените државни ревизори, државните ревизори и вработените кои вршат работи и работни задачи за државната ревизија добиваат месечни парични награди врз основа на оценувањето до 20% од основната плата заради посебно залагање во унапредувањето на работата и постигнати резултати од значење за заштита од незаконското и ненаменско користење на државни средства кај субјектите кои се предмет на ревизија.

Субјектите од став 1 на овој член може да бидат казнети со парична казна согласно член 84 од Законот за работни односи.

**III -** б РЕВИЗОРСКО ТЕЛО ЗА ПРЕД- ПРИСТАПНИ ФОНДОВИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член **27**в

Во Државниот завод за ревизија Владата на Република Македонија формира Ревизорско тело во системот на управување со пред-пристапни фондови на Европската унија во Република Македонија,како функционално независно ревизорско тело (во натамошниот текст: ревизорско тело) .

Ревизорското тело, врши ревизија на Инструментот за пред-пристапна помош - ИПА фондовите (во натамошниот текст: ИПА фондови).

Ревизорското тело е независно од организационите облици на Државниот завод за ревизија.

Структурата на организационата поставеност на Ревизорското тело се утврдува со акт, донесен од раководителот на Ревизорското тело.

Соработката на Ревизорското тело со Државниот завод за ревизија, ќе се остварува согласно Меморандумот за разбирање и соработка помеѓу Државниот завод за ревизија и Ревизорското тело.

Ревизорското тело, врши верификација на: ефикасноста во функционирањето на системите за раководење и контрола на пред-пристапните фондови на Европската унија во Република Македонија и веродостојност на сметководствените трансакции и информации доставени до Европската Комисија, според методологијата за работа која се изготвува согласно Меѓународните стандарди за ревизија на врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ).

Член **27** г

Ревизорското тело во текот на секоја година донесува годишен ревизорски план за работа, кој е независен и самостоен од Годишниот план за работа на Државниот завод за ревизија.

Ревизорското тело годишниот план за работа од став 1 на овој член го доставува до Националниот Координатор за Авторизација и до Европската Комисија, до крајот на тековната година за наредната година.

Ревизорското тело , најдоцна до 31 декември секоја година изготвува годишен ревизорски извештај согласно Рамковната спогодба склучена помеѓу Европската Комисија и Република Македонија за имплементација на ИПА Регулативата. Годишниот ревизорски извештај го опфаќа периодот за претходните 12 месеци, завршувајќи на 30 септември за годината која е предмет на ревизија.

Ревизорското тело изготвува годишно мислење за периодот од став 3 на овој член и се доставува истовремено со Годишниот ревизорски извештај и претставува верификација, со цел да утврди дали системот на управување и контрола функционира ефикасно и согласно ИПА Регулативата на Европската Комисија и други договори помеѓу Европската Комисија и Република Македонија.

Ревизорското тело, Годишниот извештај и Годишното мислење ги доставува до Европската Комисија, Надлежниот Координатор за Акредитација и Националниот Координатор за Авторизација.

Ревизорското тело изготвува мислење за конечниот извештај за трошоците за целосно или делумно завршување на програмите финансирани од ИПА фондовите. Конечниот извештај за трошоците се изготвува и доставува до Европската Комисија од страна на Националниот Координатор за Авторизација.

По потреба мислењето за конечниот извештај за трошоците може да биде придружено со ревизорски извештај изработен од страна на Ревизорското тело , за периодот кој не бил ревидиран пред целосно или делумно завршување на програмата.

Ревизорското тело, мислењето за конечниот извештај го изготвува согласно

Рамковната спогодба и го доставува до Европската Комисија и до Надлежниот Координатор за Акредитација истовремено или во период од три месеци по поднесувањето на Конечниот извештај од Националниот Координатор за Авторизација до Европската Комисија.

Годишниот план, Годишниот ревизорски извештај и Годишното мислење се изготвуваат и доставуваат на македонски и англиски јазик.

Годишниот извештај и Годишното мислење на ревизорското тело, не се составен дел на Годишниот извештај на Државниот завод за ревизија.

Член **27** д

Работите на ревизија на Ревизорското тело можат да ги вршат овластени државни ревизори и државни ревизори од Државниот завод за ревизија на Република Македонија распоредени за вршење на работи во Ревизорското тело согласно актот од член 27 в став 4 од овој закон.

Овластените државни ревизори или државните ревизори кои вршат ревизија на поставеноста и функционалноста на структурните и контролните системи за управување со ИПА фондовите остваруваат право на плата и можат да добиваат надополнување на платата со исплата на месечни парични награди, поради посебните услови и посебната одговорност која произлегува од работното место согласно член 27б од овој закон

Висината на паричната награда и надополнувањето на платата од став 2 на овој член ја определува Раководителот на ревизорското тело.

Член **27** ѓ

Со Ревизорското тело за вршење на ревизија на ИПА фондовите раководи раководител кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија по предлог и со согласност на Главниот државен ревизор.

Раководителот на Ревизорското тело за вршење на ревизија на ИПА фондовите е одговорен за имплементација на буџетскиот дел - разделот наменет за Државниот завод за ревизија кој се однесува на ставката за Ревизорското тело за вршење на ревизија на ИПА фондовите.

Раководителот на ревизорското тело за вршење на ревизија на ИПА фондовите е единствен потписник на Годишниот ревизорски план, Годишниот ревизорски извештај, Годишното мислење и Мислењето за конечниот извештај за трошоците за целосно или делумно завршување на програмите, предлогот на буџетскиот дел кој се однесува на Ревизорското тело и други акти поврзани со функционирањето на Ревизорското тело за вршење на ревизија на ИПА фондовите.

Член **27** е

Ревизорското тело за реализација на своите активности, соработува со надлежните ревизорски институции и тела од земјите членки на Европската Унија, кандидати и потенцијални земји кандидати за членство во Европската Унија.

Член **27** ж

Средства за финансирање на Ревизорското тело , се обезбедуваат од Буџетот на Државниот завод за ревизија со програма " Ревизорско тело за пред-пристапни фондови на Европската унија во Република Македонија".

Програмата од став 1 на овој член се подготвува од страна на Ревизорското тело и не подлежи на одобрување од страна на Државниот завод за ревизија.

Собранието на Република Македонија посебно гласа за програмата од став 1 на овој член од разделот на Државниот завод за ревизија која е наменета за Ревизорското тело во Буџетот на Република Македонија.

Член **27** з

Во функција на реализација на своите активности, Ревизорското тело има целосен пристап до сите информации и документи кои се поврзани со проекти или програми кои се финансирани целосно или делумно со средства од пред-пристапните ИПА фондови.

## IV.КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

**Член 28**

Глоба во износ од 1.000 евра до 6.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице - субјектот кај кој се врши ревизијата, ако:

1) не ја стави на располагање на овластениот државен ревизор, односно државниот ревизор потребната документација, исправи, извештаи и други информации заради вршење на државната ревизија (член 20 ставови 1, 2 и 3 ), и

2) на ревизорот му го ограничи обемот на испитувањата или му оневозможи примена на одредени ревизорски постапки (член 20 став 5).

Глоба во износ од 500 евра до 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во правното лице на субјектот кај кој се врши ревизијата.

**Член 29**

Глоба во износ од 500 евра до 2.500 евра во денарска противвредност ќе се казни за прекршок физичкото лице- овластениот државен ревизор, односно државниот ревизор ако :

1) државната ревизија не ја врши согласно член 17 од овој закон.

2) документацијата која претставува класифицирана информација согласно закон, не ја чува согласно член 20 став 4 од овој закон;

3) работната документација изработена или прибавена во постапката на државната ревизија се користи за други намени без согласност на субјектот (член 21 став 1), и

4) не го достави Извештајот за извршената државна ревизија до субјектите наведени во членот 23 став 4 на овој закон.

Одредбите од глава III-б од овој закон ќе се применуваат до пристапувањето Република Македонија во Европската Унија.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 30

Именувањето на главниот државен ревизор и неговиот заменик ќе се изврши најдоцна во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Главниот државен ревизор, во рок од 90 дена од денот на неговото именување, ќе ги донесе актите на Државниот завод за ревизија.

Првите ревизорски стандарди, ќе ги пропише и објави министерот за финансии во рок од 180 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Член 31

Програмата за полагање на испитот за стекнување на звањето овластен државен ревизор и другите прописи утврдени со овој закон, ќе се донесат во рок од 180 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Член 32

До денот на примената на овој закон, Заводот за платен промет продолжува да ги врши работите на економско - финансиската ревизија.

### Член 33

Работниците од Заводот за платен промет, кои до денот на влегувањето во сила на овој закон, ги вршеле работите на економско - финансиската ревизија, по нивно барање се распоредуваат на работи во Државниот завод за ревизија, доколку ги исполнуваат условите утврдени со овој закон, согласно со актите за организација и систематизација на Државниот завод за ревизија.

### Член 34

Државниот завод за ревизија го презема делот од имотот, опремата, средствата за работа, предметите, архивата и другиот регистраторен материјал и

паричните средства од Заводот за платен промет, кои се во функција на вршење на работите на економско - финансиската ревизија, утврдени од посебната комисија формирана од Владата на Република Македонија за сочинување на делбен биланс на Заводот за платен промет.

Комисијата од ставот 1 на овој член извршува делба на имотот, материјалните, техничките и другите средства и сочинува делбен биланс во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Комисијата од ставот 1 на овој член поднесува извештај до Владата на Република Македонија.

**Член 35**

Главниот државен ревизор, во рок од 180 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе ги донесе актите од член 15-б.

**Член 36**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".